НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 73/1/2022
11.07. 2022 год.

Записник од Одборот за пливање

Присутни членови:

Александар Филипчев – Претседател

Бошко Топмовски ПК Вардар 2018 – член

Јане Карајованов П.В.К.Орион - член

Одборот за пливање одржа состанок на ден 27.06.2022 година на Базенот Аеродром,Претседателот го потврди присуството на 3 члена со што се виде дека има кворум и се прејде на разгледување на Точките од Дневниот ред. Како предлог Одлука до Управниот одбор во однос на Точката за "Стипендија Спортска надеж" ја даде следниот заклучок:

1.Поради моменталната ситуација со поскапувањето на влезниците на Базените во Македонија,Одборот за пливање ја предложи одлуката Бр.02-80/1 на Управниот одбор од 24.07.2020 како предлог за критериуми според кои ќе се рангираат пливачите за "Стипендијата Спортска надеж" и воедно сите пливачи кои се во преодна година,како годиште да се зема годината од која прешле,Пр.Ако пливач според годиштето бил Кадет до крајот на 2021,а во 2022 е веќе Младинец да се прифатат неговите резултати како Каде.Истото ова ќе важи и за помалите категории,односно за Постари пионери и Помлади пионери.

Според тоа,бодовите за Категоризација на пливачи се :

- Сениори 650 ФИНА бодови
- Младинци 600 ФИНА бодови
- Кадети 520 ФИНА бодови
- Постари пионери 460 ФИНА бодови
- Помлади пионери 400 ФИНА бодови

Овој предлог беше прифатен од сите присутни членови на Одборот за пливање.